**КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ**

**Финансиски извештаи за годината**
**што завршува на 31 декември 2017 година**
**и**
**Извештај на независниот ревизор**

**Нацрт ревизорски извештај-само за дискусија**

## СОДРЖИНА

| | **Страна** |
|---|---|
| Извештај на независниот ревизор | 1 - 2 |
| Биланс на приходи и расходи | 3 |
| Биланс на состојба | 4 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 5 - 20 |

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До**
**Раководството на**
**Комисија за хартии од вредност на**
**Република Македонија Скопје**

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Комисија за хартии од вредност на Република Македонија Скопје (во натамошниот текст "Комисијата"), кои се состојат од билансот на состојба на ден 31 декември 2017 година и придружниот биланс на приходи и расходи за истиот период и прегледот на значајни сметководствени политики и останати белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*
Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Македонија и интерна контрола за која раководството смета дека е неопходна за подготвување на финансиските извештаи кои не содржат материјално погрешно прикажување без разлика дали тоа е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*
Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија на Република Македонија и Меѓународните стандарди за ревизија објавени во Република Македонија. Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања, да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување во финансиските извештаи, настанато како резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Комисијата со цел дизајнирање на ревизорски постапки коишто се соодветни на околностите, но не за цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Комисијата. Ревизијата исто така вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на сѐвкупното презентирање на финансиските извештаи.

Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*(Продолжува)*

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**

**До**
**Раководството на**
**Комисија за хартии од вредност на**
**Република Македонија Скопје**
**(Продолжение)**

*Мислење*
Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Комисија за хартии од вредност на Република Македонија Скопје, на ден 31 декември 2017 година, како и финансискиот резултат, во согласност со сметководствените стандарди за непрофитни организации што се применуваат во Република Македонија.

*Обрнување на внимание*
Без да вршиме квалификации во нашето мислење обрнуваме внимание на следното:
Законот за сметководство на непрофитните организации и пратечката регулатива се предмет на спротивставени толкувања од страна на експертите во Република Македонија.За дел од нив, овој Закон упатува на идентичен сметководствен третман како кај буџетските корисници, со исклучок на модифицираниот начин на искажување на приходите и расходите. За другите, Законот упатува на постапно приближување кон пресметковното сметководство, на што упатува и признавањето на трошокот за амортизација во Билансот на приходи и расходи. Ова и други отворени прашања иницираат потреба за унифицирање на ставовите на експертите и упатство и/или публикување сметководствени стандарди за непрофитните организации, со што конечно би се разрешиле дилемите присутни во оваа област.

**ТП РЕВИЗИЈА ЧУЛЕВА-Скопје**
**Соња Чулева**, *Управител* **Соња Чулева**,*Овластен ревизор*

Скопје,

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**
**За годината што завршува на 31 декември 2017**
**(Во илјади Денари)**

| | Белешка | Година што завршува на 31 декември 2017 | 2016 |
|---|---|---|---|
| **ПРИХОДИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | | | |
| Приходи од остварени провизии и надомести | 4 | 38,941 | 43,177 |
| Останати приходи | 5 | 5,154 | 47,510 |
| Финансиски приходи-нето | 6 | 938 | 769 |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | | **45,033** | **91,456** |
| **РАСХОДИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | | | |
| Материјални расходи и услуги | 7 | (5,054) | (5,089) |
| Други расходи | 8 | (3,864) | (4,120) |
| Капитални и други средства | 9 | (10,781) | (55,867) |
| Плати и други надоместоци за вработените | 10 | (24,329) | (24,622) |
| Финансиски трошоци-нето | 6 | - | - |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | | **(44,028)** | **(89,698)** |
| **ОСТВАРЕН ВИШОК / (ЗАГУБА) НА ПРИХОДИ-ДОБИВКА (ЗАГУБА) ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | | **1,005** | **1,758** |
| Данок на добивка | | (236) | (341) |
| **ОСТВАРЕН ВИШОК НА ПРИХОДИ -ДОБИВКА (ЗАГУБА) ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ ПО ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **769** | **1,417** |
| Пренесен дел од вишок на приходи од претходни години | | - | - |
| **ОСТВАРЕН ВИШОК НА ПРИХОДИ - ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **769** | **1,417** |

*Белешките кон финансиските извештаи претставуваат составен дел на овие финансиски извештаи.*

Финансиските извештаи за годината што завршува на 31 декември 2017 се прифатени и одобрени од раководството на Комисијата на 27 февруари, 2018 година.

**М-р Елизабета Чингаровска**, Претседател

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА
На 31 декември 2017
(во илјади Денари)**

| | Белешка | 2017 | 2016 |
|---|---|---|---|
| **АКТИВА** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Пари и парични еквиваленти | 11 | 2,090 | 2,373 |
| Побарувања од комитенти | | - | - |
| Депозити во банки | 12 | 55,000 | 60,000 |
| Други побарувања и АВР | 13 | 3,425 | 6,868 |
| | | **60,515** | **69,241** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства-нето | 14 | 5,365 | 6,536 |
| Материјални средства-нето | 14 | 143,119 | 128,878 |
| | | **148,484** | **135,414** |
| **ВКУПНА АКТИВА** | | **208,999** | **204,655** |
| **ПАСИВА** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски кон добавувачи и останати тековни обврски | 15 | 317 | 2,450 |
| Пасивни временски разграничувања (ПВР) | 16 | 1,016 | 3,542 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **1,333** | **5,992** |
| **Деловен фонд и акумулиран вишок на приходи** | | | |
| Деловен фонд | 17 | 148,242 | 135,414 |
| Акумулиран вишок на приходи | 17 | 769 | 1,417 |
| Резервен фонд | 17 | 58,414 | 61,832 |
| Ревалоризациона резерва | 17 | 241 | - |
| **Вкупно деловен фонд и акумулиран вишок на приходи** | 17 | **207,666** | **198,663** |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | | **208,999** | **204,655** |

*Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел
од овие финансиски извештаи.*

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
31 декември 2017**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Комисија за хартии од вредност на Република Македонија Скопје (во натамошниот текст: “Комисијата”) е самостојно и независно регулаторно тело кое врши јавни овластувања утврдени со Закон.

Комисијата е основана со Одлука на Владата на Република Македонија, а е запишана во Централен Регистар на Република Македонија на 20.10.1989 година под ЕМБС бр.: 4443462, како организација основана со посебен закон.

***Приоритетна дејност***: 66.11-Управување со финансиски пазари

***Адреса:*** Димитрие Чуповски бр.26 Скопје, Центар, Република Македонија

***Овластено лице:*** М-р ецц Елизабета Чингаровска, Претседател со неограничено овластување и член

Број на вработени на 31.12.2017 година изнесува 22 (2016: 24 вработени.)

***Надлежности на Комисијата***
Во согласност со Законот, Комисијата ги има следните надлежности:
- Го регулира и контролира работењето со хартии од вредност на територијата на Република Македонија
- Се грижи за законито и ефикасно функционирање на пазарот на хартии од вредност и заштита на правата на инвеститорите
- Работи на јакнење на довербата на јавноста во институциите на пазарот за хартии од вредност во земјата.

***Функции на Комисијата***
Во согласност со Законот, Комисијата ги врши следните функции:
- Врши контрола на целокупната документација и издавачите на хартии од вредност, превзема мерки и носи одлуки за заштита на сопствениците и инвеститорите
- Издава дозволи, одобренија, и согласности врз основ на Закон
- Го регулира начинот на тргување на берзата со хартии од вредност
- Го следи и контролира работењето на учесниците на пазарот на хартии од вредност
- Го следи и контролира функционирањето на пазарот на хартии од вредност
- Одредува стандарди на конкуренција меѓу учесниците на пазарот на хартии од вредност
- Дава согласност за именување директори на брокерски куќи, на одделот на банките надлежен завршење услуги со хартии од вредност како и на друштвата за управување со инвестициони фондови
- Дава одобренија за издавање хартии од вредност
- Се грижи за законитост и транспарентност на пазарот за хартии од вредност
- Одобрува донесување/измени на актите на депозитарот и на берзата
- Соработува со други институции во Република Македонија.

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (ПРОДОЛЖУВА)

***Состав на Комисијата***
Комисијата работи во следниот состав:

| Име и презиме | Функција во Комисијата |
|---|---|
| М-р Елизабета Чингаровска | Претседател |
| Милаим Ајдини | Внатрешен Член-комисионер |
| Проф.Д-р Михаил Петковски | Надворешен Член-комисионер |
| Доц.Д-р Александар Стојков | Надворешен Член-комисионер |
| Сејдија Фазлиоски | Надворешен Член-комисионер |

***Законска рамка***
Комисијата работи во согласност со Законот за хартии од вредност (“Службен весник на Република Македонија” бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015 и 23/2016) и Законот за инвестициони фондови (“Службен весник на Република Македонија” бр. 12/2009, 68/2010, 24/2011, 188/2013, 189/2013, 145/2015 и 24/2016), и Законот за превземање на акционерски друштва (“Службен весник на Република Македонија” бр. 4/2002, 37/2002, 36/2007, 69/2013, 188/2013 и 166/2014.)
Врз основ на овие закони, Комисијата има донесено голем број подзаконски акти.

***Политка на квалитет***
Комисијата работи во согласност со стандардот ISO 9001, почитувајќи ги вредностите на етичност, професионалност, отвореност и чесност, компетентност и транспарентност.

## 2. ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА И ПРЕЗЕНТАЦИЈА

Финансиските извештаи на Комисијата се изготвени во согласност со Законот за сметководство на непрофитните организации ("Службен весник на Република Македонија" 24/2003, 17/2011 и 154 /2015.) Согласно наведениот Закон, Комисијата не е обврзана да составува и поднесува Извештај за промена на фондовите и Извештај за паричните текови.

Билансот на состојба и Билансот на приходи и расходи на Комисијата се прикажани во согласност со формата и содржината на билансните шеми објавени во Правилникот за сметковен план и билансите на непрофитните организации (“Службен весник на Република Македонија” бр. 117/2005 и 11/2006.)

Во составувањето на овие финансиски извештаи Комисијата ги применува сметководствените политики кои се обелоденети во Белешката 3 кон овие финансиски извештаи, кои се засновани на сметководствената и даночната регулатива во Република Македонија.

Извештајна валута на Комисијата е македонски Денар (“Денар.”) Сите износи во финансиските извештаи и соодветните белешки се прикажани во илјади Денари, освен доколку не е наведено поинаку.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
31 декември 2017**

## 3. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### 3.1 Признавање на приходите

Признавањето на приходите се спроведува според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции.
Тоа значи дека приходите се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале според критериумот на мерливост и расположивост. Приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно. Приходите се расположиви кога се остварени (наплатени) во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

***Средства за работа на Комисијата***
Во согласност со член 227 од Законот, средствата на Комисијата се обезбедуваат од надоместоци за извршени услуги и тоа:

1. Надомест за одлучување по барање за одобренија за издавање хартии од вредност
2. Надомест за одлучување по барања дозволи за работа за сите овластени учесници на пазарот на хартии од вредност, брокерски куќи, берзи, депозитари, банки, брокери и инвестициони советници
3. Надоместоци за одлучување по барања за одобренија за издавање хартии од вредност
4. Надоместоци за услуги предвидени со Законот за инвестициони фондови
5. Надоместоци за услуги предвидени со Законот за превземање на акционерски друштва
6. Надоместоци за именување директори
7. Надомест за надзор на берза
8. Надомест за надзор над брокерски куќи
9. Надомест за надзор на депозитар
10. Надомест за теренски контроли на учесници
11. Надомест за разгледување и проверка на извештаи на АД со посебни обврски за известување
12. Останато

Висината на надоместот соодветствува со висината на трошоците на Комисијата утврдени во годишниот финансиски план, програмата за работа како и развојните потреби на Комисијата.

***Тарифник на Комисијата***
Комисијата ја утврдува висината на надоместоците во својот Тарифник. На Тарифникот согласност дава Владата на Република Македонија.

### 3.2 Резервен фонд на Комисијата

Во согласност со Законот за сметководство на непрофитните организации и Правилникот за сметковен план и билансите на непрофитните организации формиран е Резервен фонд на Комисијата што се користи за намени и начин предвидени во интерните сметководствени политики.

## 3. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

### 3.3 Признавање на расходите

Признавањето на расходите се спроведува според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции.

Расходите се признаваат во пресметковниот период во кој настанале или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период доколку се платени во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период под услов обврската за плаќање да настанала во пресметковниот период.

### 3.4 Долгорочни и краткорочни вложувања или позајмици

Исплатите во текот на годината по основ на долгорочни и краткорочни вложувања или позајмици, се искажуваат како расход и истовремено како побарување, а кога се враќаат, се затвара побарувањето и се искажува приход.

### 3.5 Трансакции во странска валута

Трансакциите настанати во странска валута се искажуваат во Денари со примена на официјалните курсеви на Народна Банка на Република Македонија кои важат на денот на трансакцијата.

Средствата и обврските деноминирани во странска валута се изкажуваат со примена на официјални курсеви кои важат на денот на составувањето на Билансот на состојба.

## 3. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

### 3.6 Материјални средства

Материјалните средства на Комисијата се состојат од земјиште, градежни објекти, опрема, мебел, возила и инвестиции во тек. Материјалните средства на Комисијата иницијално се евидентираат по набавна вредност, што потоа се намалува за износот на акумулираната депрецијација и одредени оштетувања доколку се утврдени.
Набавната вредност се состои од: куповна вредност, царини, даноци, такси, издатоци за превоз и подвоз, сервисирање и ускладиштување, монтирање, проектни сметки, регистрации и други издатоци кои можат да се додадат на набавната вредност.
Набавната вредност се корегира за износите на доградба, реконструкција, адаптација и сл. (инвестиционо одржување.)
Одделните поправки, преправки, замена сервисирање и слично (тековно одржување), се евидентираат како расходи во Билансот на приходи и расходи.
Депрецијацијата се пресметува со користење на праволиниска метода на отпис која доследно се спроведува од година во година.
Во продолжение се дадени годишни стапки за депрецијација, применети на некои позначајни ставки на материјалните средства на Комисијата:

| **Опис** | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| Градежни објекти | 1% | 1% |
| Канцелариски мебел и опрема | 12% | 12% |
| Компјутери, патнички возила и телекомуникациска опрема | 20% | 20% |
| Останата опрема | 10-15% | 10-15% |

Кога се добиваат донирани средства (донирани ствари), тогаш нивната вредност се евидентира директно на зголемување на средствата и деловниот фонд. Депрецијацијата на донираните ствари се евидентира на товар на деловниот фонд со истовремено зголемување на акумулираната депрецијација.

### 3.7 Побарувања

Побарувањата се прикажани според нивната номинална вредност. За стари и сомнителни побарувања се врши исправка или отпис во согласност со Законот за облигациони односи, врз основ на одлука донесена од Комисијата.

## 3. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

### 3.8 Обврски кон добавувачи

Обврските кон добавувачите се прикажани по нивната номинална вредност. Неизмирените обврски кон добавувачите се отпишуваат по основ на застареност врз основа на одлука донесена од раководството. Износите на отпишаните обврски се признаваат како останати приходи.

### 3.9 Плати и надоместоци за плати

Комисијата учествува во пензискиот фонд со уплатување на определени придонеси утврдени со домашната легислатива. Придонесите, кои зависат од висината на платите, се уплатуваат во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија. Не постојат дополнителни обврски во однос на финансиските планови.

### 3. 10 Данок на добивка

Комисијата плаќа данок на добивка остварена од сопствено работење. Данокот на добивка во 2017 година се пресметува по стапка од 10% на разликата помеѓу вкупните приходи и вкупните расходи, корегирани за евентуални износи на непризанени расходи /приходи.

### 3.11 Финансиски приходи и расходи

Финансиските приходи и расходи се состојат од затезна камата на доспеани ненаплатени салда, приход од инвестирани средства и позитивни и негативни курсни разлики.
Приходот од камати се евидентира во извештајот на приходи и расходи во периодот во кој е добиена наплатата.
Затезната камата на задоцнети салда се евидентира во извештајот на приходи и расходи во кој е извршено плаќањето или 30 дена од денот на известување под услов обврската да настанала во периодот за кој се известува.

### 3.12 Сметководствен принцип на континуитет

Финансиските извештаи на Комисијата се подготвени врз основа на принципот на континуитет на 31 декември 2017 година и овој принцип продолжува да постои како претпоставка и после издавањето на финансиските извештаи.

## 3. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

### 3.14 Јавни набавки

Претпријатието ги извршува набавките чија вредност е поголема од ЕУР 500 во денарска противвредност во согласност со Законот за јавни набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр.136/2007, 130/2008, 97/2010, 66/2011, 15/2013, 148/2013, 160/2013, 28/2014, 43/2014, 130/2014, 180/2014, 78/2015, 192/2015, 27/2016, 120/2016 и 165/2017 година, како и следните прописи и акти донесени врз основа на одредбите на Законот:

| Ред. број | Назив на прописот | Објавен/Извор |
|---|---|---|
| 1. | Методологија за изразување критериуми за доделување на договори за јавни набавки во бодови | Министерство за финансии на Република Македонија |
| 2. | Правилник за форма и содржина на огласите и известувањето при доделување на договори за јавни набавки | "Службен весник на Република Македонија" бр.154/07 |
| 3. | Правилник за постапка на отварање на понуди и образец за водење записник за отварање на понуди | "Службен весник на Република Македонија" бр.154/07 |
| 4. | Правилник за формата и содржината на образецот од извештајот за спроведување на постапката за јавна набавка | "Службен весник на Република Македонија" бр.154/07 |
| 5. | Уредба за видовите и активностите на градење кои се предмет на договори за јавни набавки | "Службен весник на Република Македонија" бр.158/07 |
| 6. | Уредба за услугите кои се предмет на договорите за јавни набавки на услуги | "Службен весник на Република Македонија" бр.157/07 |
| 7. | Упатство за пополнување на Извештајот за спроведена постапка | Министерство за финансии на Република Македонија |
| 8. | Одлука за утврдување на индикативен список на договорни органи | Влада на Република Македонија |
| 9. | Правилник за содржина на тендерска документација | "Службен весник на Република Македонија" бр.19/08 |
| 10. | Правилник за формата и содржината на огласите и известувањата при доделување на договорите за јавните набавки | бр.23-48781/1 од 19.12.2007, а во примена од 01.01.2008 |
| 11. | Правилник за формата и содржината на извештајот од спроведената постапка | "Службен весник на Република Македонија" бр.2/08 |
| 12. | Правилник за формата и содржината на огласот, известувањето за поништување на постапката и образецот за евиденција на постапките со барањата за прибирање на понуди | бр.23-48778/1 од 19.12.2007 со примена од 01.01.2008 година |
| 13. | Правилник за начин на користење на електронски систем за јавни набавки | Министерство за финансии на Република Македонија |
| 14. | Правилник за формата и содржината на годишниот план за јавни набавки | Министерство за финансии на Република Македонија со примена од 01.01.2008 |
| 15. | Правилник за начинот на проценување на вредноста на договорите за јавни набавки | Министерство за финансии на Република Македонија со примена од 01.01.2008 |
| 16. | Останати | Заклучно со 2017 година |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2017**

## 4. ПРИХОДИ ОД ОСТВАРЕНИ ПРОВИЗИИ И НАДОМЕСТИ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2017 | 31 декември 2016 |
| Приходи од провизии од брокерски друштва | 1,440 | 916 |
| Приходи од Македонска берза АД-Скопје | 9,850 | 7,785 |
| Приходи од Централен Депозитар за хартии од вредност | 11,409 | 10,853 |
| Приходи од инвестициски фондови | 8,571 | 4,740 |
| Останати приходи од сопствено работење (емисии х.в., обуки и тн.) | 7,671 | 18,883 |
| | **38,941** | **43,177** |

## 5. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2017 | 31 декември 2016 |
| Приходи од продажба на деловен простор | - | 32,448 |
| Приходи за надомест на трошоци | 154 | - |
| Поврат на депозит | 5,000 | 15,062 |
| | **5,154** | **47,510** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2017**

## 6. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ / (РАСХОДИ) -нето

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2017 | 31 декември 2016 |
| Приходи од камати | 945 | 772 |
| Приходи од курсни разлики | - | 5 |
| Трошоци за камати | - | - |
| Негативни курсни разлики | (7) | (8) |
| | **938** | **769** |

## 7. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ И УСЛУГИ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2017 | 31 декември 2016 |
| Потрошени канцелариски и други материјали | 668 | 610 |
| Потрошена енергија | 688 | 458 |
| Други услуги | 842 | 363 |
| Транспортни услуги (пошта и телефонија) | 1,429 | 1,247 |
| Репрезентација и реклама | 380 | 341 |
| Други материјални расходи | 294 | 2,070 |
| Наем на опрема | 753 | - |
| | **5,054** | **5,089** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2017**

## 8. ДРУГИ РАСХОДИ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2017 | 31 декември 2016 |
| Провизии за банкарско работење | 82 | 103 |
| Осигурување | 119 | 179 |
| Членарини за меѓународни и други организации | 1,324 | 1,297 |
| Интелектуални услуги | 2,123 | 2,516 |
| Отпис на застарени побарувања | 91 | - |
| Останати расходи | - | 25 |
| Вонредни расходи | 125 | - |
| | **3,864** | **4,120** |

## 9. КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2017 | 31 декември 2016 |
| Градежни објекти | 10,287 | 54,997 |
| Набавена опрема и мебел | 494 | 870 |
| Набавен софтвер | - | - |
| | **10,781** | **55,867** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2017**

## 10. ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2017 | 31 декември 2016 |
| Вкалкулирани плати на вработените | 23,757 | 23,485 |
| Разни надоместоци за вработените | 315 | 781 |
| Дневници за службени патувања | 257 | 356 |
| | **24,329** | **24,622** |

## 11. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2017 | 31 декември 2016 |
| Пари во банки-Денари | 1,933 | 2,194 |
| Пари во благајна -Денари | 9 | 9 |
| Пари во благајна-девизи | 148 | 170 |
| Пари во банка - девизи | - | - |
| | **2,090** | **2,373** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2017**

## 12. КРАТКОРОЧНИ ДЕПОЗИТИ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2017 | 31 декември 2016 |
| Краткорочен депозит во банка | 55,000 | 60,000 |
| | **55,000** | **60,000** |

Обврската за одложен приход во износ од Ден 60,000 илјади, која претставува пандан на краткорочниот депозит во банка, во 2016 година е однесена во Резервен фонд на Комисијата (Белешка 16.)

## 13. ДРУГИ ПОБАРУВАЊА И АВР

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2017 | 31 декември 2016 |
| Други краткорочни побарувања | 2,137 | 3,125 |
| Побарувања за даноци | 1,259 | 1,601 |
| АВР | - | 2,077 |
| Побарување за ВИЗА картичка | 29 | 59 |
| Останати побарувања | - | 6 |
| | **3,425** | **6,868** |

Активните временски разграничувања (АВР) во износ од Ден 2,077 илјади во 2016 година се неисплатени обврски кон добавувачи за набавени материјални и нематеријални средства се целосно исплатени во тековната година. Кога се врши плаќање кон добавувачите, АВР се затвара, а се евидентира трошок.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2017**

## 14. НЕМАТЕРИЈАЛНИ И МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (Во илјади Денари)

| | Земјиште | Градежни објекти | Опрема, мебел, возила | Инвестиции во тек | Нематеријални средства | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | | |
| **Состојба, 1 јануари 2017** | **3,203** | **16,345** | **17,203** | **112,012** | **14,540** | **163,303** |
| Набавки | 3,616 | - | 243 | 10,853 | 1,082 | 15,794 |
| Ревалоризација-нет | - | 229 | 12 | - | - | 241 |
| Трансфер | 866 | - | - | (866) | - | - |
| Отпис (оттуѓување) | - | - | - | - | - | - |
| Донација | - | - | - | - | - | - |
| **Состојба, 31 декември 2017** | **7,685** | **16,574** | **17,458** | **121,999** | **15,622** | **179,338** |
| **Исправка на вредноста** | | | | | | |
| **Состојба, 1 јануари 2017** | **-** | **(5,149)** | **(14,735)** | **-** | **(8,004)** | **(27,888)** |
| Исправка за годината | - | (237) | (775) | - | (2,253) | (3,265) |
| Ревалоризација | - | - | - | - | - | - |
| Отпис (оттуѓување) | - | - | - | - | - | - |
| **Состојба, 31 декември 2017** | **-** | **(5,386)** | **(15,510)** | **-** | **(10,257)** | **(31,153)** |
| **Сметководствена вредност на 31 декември 2017** | **7,685** | **11,188** | **1,948** | **121,999** | **5,365** | **148,484** |
| **Сметководствена вредност На 31 декември 2016** | **3,203** | **11,196** | **2,467** | **112,012** | **6,536** | **135,414** |

За земјиштето и градежните објекти,Комисијата поседува право на сопственост.

На 22.08.2016 година, по претходна Одлука бр.42-11991/1 од 22.12.2015 година на Владата на Република Македонија, е продаден деловен простор лоциран на ул.Димитрие Чуповски бр.26 со површина од 382м², запишан во Имотен лист бр.50779 за КО Центар 1. Деловниот простор е продаден за износ од Ден 32,448,172 на Македонска Банка за поддршка на развојот АД Скопје.

Комисијата не врши ревалоризирање на вредноста на инвестициите во тек во своите финансиски извештаи.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2017**

## 15. ОБВРСКИ КОН ДОБАВУВАЧИ И ОСТАНАТИ ТЕКОВНИ ОБВРСКИ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2017 | 31 декември 2016 |
| Обврски кон добавувачи во земјата | 245 | 2,077 |
| Обврски за даноци | 72 | 341 |
| Обврски за примени аванси | - | 32 |
| | **317** | **2,450** |

## 16. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (ПВР)

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2017 | 31 декември 2016 |
| Пасивни временски разграничувања | 1,016 | 3,542 |
| | **1,016** | **3,542** |

ПВР во износ од Ден 1,016 илјади (2016: Ден 3,542 илјади) се однесуваат на однапред пресметани приходи. Во моментот на наплата, се пренесуваат на товар на приходите.
Во 2016 година од оваа сметка била направена рекласификација на износ од Ден 60,000 илјади што се однесува на разграничени приходи од даден депозит во банка и истиот е однесена во Резервен фонд (Белешка 12.)

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2017**

## 17. ДЕЛОВЕН ФОНД, РЕЗЕРВЕН ФОНД И АКУМУЛИРАН ВИШОК НА ПРИХОДИ (Во илјади Денари)

| | Деловен фонд | Резервен фонд | Ревал. резерва | Акумулиран вишок на приходи | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба, 1 јануари 2016** | **119,342** | **-** | **-** | **1,832** | **121,174** |
| Ефект од движење во материјални и нематеријални средства и залихи -нето | 16,072 | - | - | - | **16,072** |
| Оперативна нето добивка/(загуба) | - | - | - | 1,417 | **1,417** |
| Трансфер од акумулиран вишок на приходи | - | 1,832 | - | (1,832) | - |
| Трансфер од обврска за одложени приходи од депозити | - | 60,000 | - | - | **60,000** |
| **Состојба, 31 декември 2016** | **135,414** | **61,832** | **-** | **1,417** | **198,663** |
| **Состојба, 1 јануари 2017** | **135,414** | **61,832** | | **1,417** | **198,663** |
| Трансфер на добивка од 2016 г. во Резервен фонд | - | 1,417 | - | (1,417) | - |
| Нето ефект од движење во материјални и нематеријални средства | 12,828 | - | - | - | **12,828** |
| Нето ефект од ревалоризација на материјални и нематеријални средства | - | - | 241 | - | 241 |
| Оперативна нето добивка за 2017 год. | - | - | - | 769 | 769 |
| Намалување на резервен фонд | - | (4,835) | - | - | (4,835) |
| **Состојба, 31 декември 2017** | **148,242** | **58,414** | **241** | **769** | **207,666** |

*(Продолжува)*

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2017**

## 18. ДЕЛОВЕН ФОНД, РЕЗЕРВЕН ФОНД И АКУМУЛИРАН ВИШОК НА ПРИХОДИ (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Во согласност со Законот за сметководство на непрофитните организации и Правилникот за сметковен план и билансите на непрофитните организации формиран е Резервен фонд на Комисијата што се користи за намени и начин предвидени во интерните сметководствени политики.

## 19. НАСТАНИ ПОСЛЕ ДАТУМОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

Претседател и член на Комисијата е М-р ецц Елизабета Чингаровска.
Со Одлука на Собрание на Република Македонија бр.08-3425/1 од 21 мај, 2018 година, за Претседател и член на Комисијата е назначена М-р Нора Алити.

## 20. ВАЛУТНИ КУРСЕВИ

Официјалните валутни курсеви применети на денот на Извештајот на финансиската состојба на ставките кои се деноминираат во странски валути на 31 декември, 2017 и 2016 година се следни:

| | **31 декември, 2017** | **31 декември, 2016** |
|---|---|---|
| **1 EUR** | 61,4907 | 61,4812 |